До Министерство за здравство
на Р.Македонија
Програма за едукација на лекари
и медицински персонал за 2015 година

ПРЕДМЕТ: Извештај

Од Др. Драган Докоски - специјалист анестезиолог во ЈЗУ Завод за нефрологија- Струга во врска со обуката од областа на анестезија,регионална анестезија и интензивно лекување во Универзитетски Клинички Центар Љубљана во периодот од 18.01-13.02 2015 година.

Врз основа на договорот со Министерството за здравство на РМ во горенаведениот период,навремено и до крај на престојот активно учествував во работата на службата за анестезиологија при Клиничкиот Центар -Љубљана.

Во договор со менторот -одговорниот на службата - др.Јанковиќ ,првата недела од престојот бев на распоред во операционите Сали на урологија каде ги пратев методите и анестезиолошките процедури за:нефректомија, лапароскопска нефректомија,радикална простатектомија ласерска литотрипсија како и постоперативниот третман на болка.

Втората и четвртата недела, во оперативните сали на трауматологија активно и под менторство на др. Точко Горан успешно аплицирав: седум спинални анестезии,три периферни блокади на брахијален плексус,супра-клавикуларен пристап ,една блокада на истиот плексус-скаленски пристап,две блокади на феморален нерв, три блокади на лумбален плексус (muskulus psoas compartment),две блокади на ишијадичен нерв.Сите наброени интервенции беа успешни без или со очекувани лесни несакани ефекти и без несакани последици по пациентите.

Во кардиохируршките сали ,под контрола и менторство на Др.Гордан,успешно поставив и три тераписки интравенски катетери во внатрешната југуларна вена. Третата недела ја поминав во Клиниката за третман на Болка,каде под менторство на Др.Салиховик,учествував на три интервенции на блокада на nervus Saphenus,една на nervus Radialis,блокади на колено,други тригер блокади како и на над седумдесет третмани со акупунктура. Секоја среда од 07.30 часот присуствував на стручните состаноци на службата за анестезија каде за 30-45 минути се одржаа три теориски предавања : 1.Влијание на анестезијата на оштетувања на видот и слухот; 2.Анестезија и хемостаза;3.периферни блокади

Со задоволство можам да кажам дека мојот престој во УКЦ Љубљана беше успешен..Оваа обука за мене е големо позитивно искуство за мојот професионален развој како и за работната средина во која се вракам.

Струга 19.02 2015

Др.Драган Докоски
Спец.Анестезиолог

Д-р Драган П. Докоски
Спец. по анестезиологија